Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 1182/2021

Дата: ...23 -08- 2021...

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), како и врз основа на член 42, став 1 и став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е
## за Услови за планирање на просторот

1, Со ова Решение на Општина Штип, се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на фотоволтаична централа – површински и соларни фотоволтаични електрани на КП 388/2, КО Врсаково, Општина Штип.**
Површина на предметниот опфат изнесува 2.2 ha. Моќноста на фотоволтаичната електрана изнесува 2 MW.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех. бр. Y15221** се составен дел на Решението.

3. Услови за планирање на просторот за изградба на фотоволтаична централа – површински и соларни фотоволтаични електрани на КП 388/2, КО Врсаково, Општина Штип, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I – IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

5. Реализацијата изградба на фотоволтаична централа – површински и соларни фотоволтаични електрани КО Врсаково, Општина Штип на површина 2.2 ha ќе биде во функција на одржливот развој преку производство на енергија од обновливи извори (сончева енергија).

6. Предметната локација се наоѓа во заштитната зона на Карго Аеродромот Штип. При изработка на планска документација, од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај, да се почитува заштитната зона на аеродромот, какои важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област.

7. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на планската документација потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

8. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за предметната документација за изградба на фотоволтаична централа – површински и соларни фотоволтаични електрани на КП


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 106 212
www.moepp.gov.mk

388/2, КО Врсаково, Општина Штип , задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Штип, врз основа на член 42, став 1 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УП 36481, до Агенцијата за планирање на просторот за изградба на фотоволтаична централа – површински и соларни фотоволтаични електрани на КП 388/2, КО Врсаково, Општина Штип.

Согласно член 42, став 8 од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изработка изградба на фотоволтаична централа – површински и соларни фотоволтаични електрани на КП 388/2, КО Врсаково, Општина Штип и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15-1182/2021 од 17.08.2021 година.

Условите за планирање на просторот **за изградба на фотоволтаична централа – површински и соларни фотоволтаични електрани на КП 388/2, КО Врсаково, Општина Штип** претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение и одлучи како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
Nebi Rexhepi

Изготвил: Исмаил Шехаби

Одобрил: Соња Фурнаџиска